

# АНАЛИЗА НА ЗАСОЛНИШТА

АНАЛИЗА НА ЗАСОЛНИШТА

**Издавач:**
**Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ - ЕСЕ**
**ул. Максим Горки бр. 20-1-4, 1000 Скопје**
**тел. 02 3298 295; 3298 296, факс 02 3211 453**
**www.esem.org.mk**

**За издавачот:**
**Јасминка Фришчиќ, извршна директорка**

**Автори:**
**Марија Гелевска**
**Стојан Мишев**
**Јасминка Фришчиќ**

**Скопје, 2010**

Подржано од:

bmask
BUNDESMINISTERIUM FÜR
ARBEIT, SOZIALES UND
KONSUMENTENSCHUTZ

CIP - Каталогизација на публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

364-55:364.63-027.533(497.7)

АНАЛИЗА на засолништа. - Скопје : Здружение за еманципација, солидарност и еднавост на жените на РМ - ЕСЕ, 2010. - 28 стр. ; 21 см

Библиографија: стр. 28

ISBN 978-9989-2872-3-7

а) Засолништа за жртви на семејно насилство - Македонија
COBISS.MK-ID 81981962

## НАМЕСТО ПРЕДГОВОР

Соодветноста, навременоста и целесообразноста во обезбедувањето на заштита на жртвите на семејно насилство се пресудни во надминување и во решавање на претрпеното насилство. Спроведувањето на оваа анализа претставува продолжение на нашите долгогодишни напори за воспоставување и унапредување на системите за заштита на жртвите на семејно насилство во нашата земја. Овој пат тоа е анализа на засолнувањето како една од мерките на заштита на жртвите на семејно насилство.

Оваа анализа претставува прв обид за согледување на состојбите во однос на засолнувањето во нашата земја од перспектива на оние кои ја нудат – засолништата и оние кои ја примаат оваа заштита – засолнатите жртви. Овозможувајќи ви ги овие согледувања, не заборавивме на жртвите на кои оваа заштита не им била обезбедена. Оттаму, нивните искуства за недостапноста на овој вид заштита ви ги пренесуваме преку студија на два случаи.

Во таа смисла, оваа анализа нуди општи информации за засолништата, преку кои можете да ја формирате сликата за бројот и времето на формирање на засолништата; бројот на легла и бројот на засолнати жртви; нивната организациона поставеност, како и финансиските и човечките ресурси со кои располагаат. Но, исто така, анализата нуди и информации и заклучоци во врска со: пристапот и постапката за засолнување, заштитата и ефектите од обезбедената заштита и можностите за унапредување од перспектива на вработените во засолништата и меѓуопштинските центри за социјална работа (МЦСР) и од перспектива на засолнатите жртви.

Подготовката и публикувањето на оваа анализа е дел од активностите спроведени во рамки на проектот „*Превенција и елиминирање на семејното насилство во Македонија*“. Проектот ЕСЕ го спроведе во партнерство со *Жените против насилството во Европа* (Women against violence Europe, WAVE) и Министерството за труд и социјална политика на РМ, а со финансиска поддршка на Владата на Република Австрија, односно Министерството за труд, социјална политика и заштита на правата на потрошувачите на Република Австрија.

Во подготовката на оваа анализа, особено во делот на спроведување на интервјуата со вработените лица во засолништата и засолнатите жртви, ЕСЕ соработуваше со својот долгогодишен соработник - Здружението на граѓани Акција Здруженска.

Прибирањето на потребните информации од страна на меѓуопштинските центри за социјална работа и обезбедувањето на засолнатите жртви засолнати во државните засолништа и засолништата раководени од граѓански организации немаше да биде возможно без соработка со: Министерството за труд и социјална политика, меѓуопштинските центри за социјална работа, Шелтер центарот, транзитната куќа на Националната СОС-линија при ОЖС и кризниот центар „Надеж“. На сите им изразуваме благодарност за нивната соработка.

Наедно, им изразуваме благодарност на жртвите кои беа интервјуирани за потребите на оваа анализа, односно на можноста за согледување на толку потребната перспектива на жртвите на кои овој вид на заштита – засолнувањето им е најпотребна.

**Јасминка Фришчиќ, извршна директорка**
**Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ - ЕСЕ**

## СОДРЖИНА

ВОВЕД 4

I. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ЗАСОЛНИШТАТА 5

II. ЗАСОЛНУВАЊЕ ОД ПЕРСПЕКТИВА НА ОНИЕ КОИ ЈА ОБЕЗБЕДУВААТ ОВАА ЗАШТИТА 8

III. ЗАСОЛНУВАЊЕТО КАКО (НЕ)ОБЕЗБЕДЕНА ЗАШТИТА – ПЕРСПЕКТИВА НА ЗАСОЛНАТИТЕ ЖРТВИ СТУДИЈА НА СЛУЧАИ 17

IV. ЗАКЛУЧОЦИ 29

## ВОВЕД

Засолнувањето, односно нужното сместување на жртвите на семејно насилство, претставува една од мерките за заштита предвидени во Законот за семејство. За операционализирање на оваа мерка, од страна на државата се основаа засолништа за жени жртви на семејно насилство кои обезбедуваат сместување на жртвата и нејзините деца во ситуација кога постои сериозна опасност и закана по нивниот живот и здравје, а при отсуство на ресурси во семејната средина за нивно прифаќање. Значајно е да се напомене дека, дури и претходно, во отсуство на формална реакција кон проблемот на семејното насилство, заштитата од ваков вид, односно згрижувањето на жртвите, се обезбедуваше од страна на граѓанските организации.

Целта на оваа проценка е директно поврзана со природата и улогата која мерката „нужно сместување" ја има во системот на заштита од семејно насилство. Тоа е обезбедување на сигурност и заштита на жртвата од идно насилство, односно надминување на последиците од доживеаното насилство и создавање на услови за нејзина интеграција во општествениот живот. Основна цел на проценката, односно предмет на анализа беше следново:

– анализа на постојните капацитети наспроти потребата за засолнување;

– анализа на стандардите за работа во засолништата.

Од една страна, сакавме да добиеме одговор на прашањето дали постојните капацитети за згрижување во нашата држава се доволни во споредба со потребата за згрижување, односно дали бројот на легла е доволен во однос на потребата за згрижување.

Од друга страна, нашите напори беа насочени кон тоа да добиеме детална слика во однос на стандардите за работа кои се почитуваат при работата на засолништата, независно дали станува збор за државни засолништа или за оние кои функционираат во рамките на граѓанските организации.
Покрај техничките услови, односно опременост на засолништата и почитување на минимум технички стандарди согласно со Правилникот за основање и работа на засолништа за жртви на семејно насилство на МТСП, за нас од особено значење беше видот и квалитетот на услугите што се обезбедуваат за жртвите за време на нивниот престој во засолништето. Особено е важно ова второво заради значењето што го има стручната работа со жртвата и нејзините деца за нивно интегрирање во целокупниот социјален живот.

Извори на сознанија, согласно со природата на анализата, и во однос на пристапот и постапката на засолнување, ни беа центрите за социјална работа и вработените во засолништата, а во однос на згрижувањето и квалитетот на услугите кои се обезбедуваат внатре во засолништата ни беа жртвите на семејно насилство. засолништатаПредмет на анализа беше работата на сите засолништа кои функционираат на територијата на Република Македонија, односно седум (7) државни засолништа и три (3) засолништа од неформалниот систем на заштита.

Она што е особено значајно да се спомене е дека резултатите, односно наодите од оваа анализа, претставуваат солидна основа за унапредување на состојбата на засолништата во нашата држава. Се надеваме дека тие ќе послужат како основа за преземање на конкретни активности во насока на подобрување на постојните капацитети за засолнување на жртвите на семејно насилство, и, истовремено, ќе послужат како основа за подобрување на квалитетот на услугите кои се даваат во нив.

# I

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ЗАСОЛНИШТАТА

## I. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ЗАСОЛНИШТАТА

### Број на засолништа

Во Република Македонија, од осамостојувањето до денес (заклучно со 2009 г.), отворени се и функционираат вкупно десет (10) засолништа.

**Засолнувањето,** како мерка за заштита на жртвите на семејно насилство, во континуитет се обезбедува од страна на граѓански организации кои работат на полето на семејно насилство, преку функционирање на две засолништа за привремено засолнување од 24 до 48 часа (транзитната куќа на Организацијата на жени на град Скопје, отворена 2005 г. и кризниот центар „Надеж“, отворен 2001 г.) и едно засолниште за подолготрајно засолнување - до една година (Шелтер центарот отворен 2001 г.).

Со законското регулирање на оваа проблематика се создадоа предуслови за формирање на центри за лица жртви на семејно насилство (во понатамошниот текст државни засолништа).

Па така, во периодот од 2004 година до денес отворени се вкупно седум (7) државни засолништа. Први со работа започнаа засолништата во Скопје (2004 г.), Кочани (2004 г.), Струмица (2004 г.) и Битола (2004 г.), а по нив следеше отворањето на државните засолништа во Охрид (2006 г.) и Куманово (2006 г.). Во 2009 г. отворено е засолниште во Прилеп.

### Број на легла

Вкупниот број на легла за сместување во десетте засолништа изнесува деведесет и три (93)[1].

Прегледот на бројот на легла за секое засолниште поединечно изгледа вака: државно засолниште Скопје - дванаесет (12) легла; државно засолниште Кочани - седум (7) легла; државно засолниште Охрид - осум (8) легла; државно засолниште Куманово - седум (7) легла; државно засолниште Струмица - шест (6) легла; државно засолниште Битола - осум (8) легла; државно засолниште Прилеп - тринаесет (13) легла; кризен центар „Надеж“ - пет (5) легла; Шелтер центарот - дваесет (20) легла и транзитната куќа - седум (7) легла.

Согласно со пропишаните одредби во Правилникот за нормативи и стандарди за основање и започнување со работа на Центарот за лица жртви на семејно насилство[2], секое од анализираните засолништа располага со просторија за дневен престој и дневни активности, простории за трпезарија, кујна, бања и најмалку две спални соби. Исто така сите засолништа, со исклучок на засолништето раководено од граѓанската организација (Шелтер центарот), не го надминуваат бројот на предвидени легла во една спална соба (четири легла, односно 5 м² по корисник и 3 м² за деца на предучилишна возраст). Бројот од пет легла во една соба во ова засолниште најверојатно се должи на поголема квадратура на просториите.

### Број на засолнати жртви

Во текот на 2008 година во сите засолништа (со привремен и со подолготраен карактер) биле засолнати вкупно 330 жртви (ова се последните достапни податоци).

Прегледот на бројот на засолнати жртви за секое засолниште поединечно изгледа вака: државно засолниште Скопје - четириесет (40) лица (20 жртви и 20 деца); државно засолниште Кочани - петнаесет (15) лица (6 жртви и 9 деца); државно засолниште Охрид - пет (5) лица (3 жртви и 2 деца); државно засолниште Куманово нема засолнати жртви во оваа година; државно засолниште Струмица - четири (4) лица (1 жртва и 3 деца); државно засолниште Битола - четири (4) лица (2 жртви и 2 деца); Шелтер центарот - педесет и две лица (52) лица (52 жртви).

Во текот на 2008 г. во привременото засолниште на кризниот центар „Надеж“ се засолнати 30 лица (28 жртви и 2 деца), а во транзитната куќа 180 лица (жртви и деца).

### Финансирање на засолништата

Во 2008 година годишните буџети за засолништата се движат од најниско алоцираниот износ од 180.523,00 МКД (државно засолниште во Кочани) до највисоко алоцираниот износ (Шелтер центарот) од 3.075.000,00 МКД (ова се последните достапни податоци).

Поединечниот преглед на финансиските средства алоцирани за работење на засолништата изгледа вака: 260.000,00 МКД за државното засолниште во Битола; 310.000,00 МКД за државното засолниште во Струмица; 1.645.512,00 МКД за државното засолниште Охрид; 1.683.593,00 МКД за државното засолниште во Скопје; за кризениот центар „Надеж“ 477.896,00 МКД и за

1 Според одредени европски минимум стандарди за потребен број на легла/места за засолнување, едно легло/место за засолнување треба да биде достапно на 10.000 жители.

2 Службен весник бр. 103/07.

транзитна куќа во износ од 250 000,00 МКД. Од прегледот на финансиските средства, државата за работењето на државните засолништа за 2008 година алоцирала 4.079.628,00 МКД, додека трите засолништа раководени од страна на граѓанските организации алоцирале 3.802.896,00 МКД.

Државното засолниште во Куманово не достави податоци за финансиските средства кои се алоцираат за работењето на засолништето, додека државното засолниште во Прилеп, поради неговото отворање во периодот на вршење на анализата, сè уште немаше подготвен финансиски план.

Вкупните финансиски средства со кои располага секое државно засолниште, се соодветни на големината на меѓуопштинските центри за социјална работа - МЦСР во чии рамки тие функционираат.

Па така, со највисоки износи на финансиски средства располагаат МЦСР во Скопје и Охрид, а понатаму следат Кочани, Струмица, Битола и Куманово. При споредување на расположливите финансиски средства за 2008 и 2009 година, бројките зборуваат за одредени зголемувања, а во некои засолништа и одредени намалувања. Зголемувањата, односно намалувањата, на финансиските средства, не се должат на искористеноста/неискористеноста на капацитетите на засолништата. Ова е особено важно имајќи го предвид фактот дека со исклучок на Скопје, сите останати државни засолништа се изјасниле дека нивните капацитети ниту за 2008 г. ниту за 2009 г. не биле искористени.

Неизвесноста во изнаоѓање на финансиски средства на граѓанските организации, а со тоа и одржливоста на засолништата раководени од нивна страна, претставува реален проблем од кој зависи квалитетот и континуитетот во обезбедувањето на засолнувањето. Финансиските средства кои државата ги одвојува за функционирање на овие засолништа се минимални и не овозможуваат задоволување на основните потреби на овие засолништа.

### Организациона поставеност

Од десетте засолништа кои функционираат во земјата, според времето на засолнување две (2) имаат карактер на засолништа од привремен карактер, односно засолнуваат жртви во времетраење од 24 до 48 часа (татранзитната куќа при Националната СОС-линија и кризниот центар „Надеж"). Останатите осум (8) засолништа засолнувањето го вршат на период од три месеци, шест месеци и една година. Имено, државните засолништа засолнувањето го вршат согласно со законските одредби за засолнување (три месеци со можност за продолжување на уште три), а пак во Шелтер центарот засолнувањето се врши на една година.

По однос на одделеноста, односно функционирање на засолништата како одделни организациони единици, самостојно функционираат сите засолништа раководени од страна на граѓанските организации и едно државно засолниште (Скопје). Сите други засолништа функционираат на принципот на назначување на стручни лица вработени во центрите за социјална работа како одговорни за работа и функционирање на државното засолниште. Овие засолништа немаат постојано вработени лица чии работни обврски се исклучиво поврзани со работењето во засолништата.

Не постои поврзаност на засолништата како единствен систем за заштита, односно искористување на сите можни капацитети кои стојат на располагање. Како резултат на напорите за координирање од 2005 година транзитната куќа при Националната СОС-линија има обврска за засолнување на жртвите во првите 24 часа, а потоа нивното засолнување продолжува во државните засолништа. Достапноста на услугите 24 часа во текот на денот овозможува жртвите да се сместуваат и во текот на ноќта и за време на викендите кога таквото сместување не е возможно кај државните засолништа. Во периодот додека жртвите се засолнети во ова привремено засолниште, Националната СОС-линија ги контактира надлежните во ЦСР за понатамошно постапување по случајот, односно овозможува засолнување на жртвата во некое од државните или граѓанските засолништа кои овозможуваат подолготрајно сместување. За таа цел, Националната СОС-линија располага со податоци во однос на бројот на слободни места во останатите засолништа.

# II

## ЗАСОЛНУВАЊЕ ОД ПЕРСПЕКТИВА НА ОНИЕ КОИ ЈА ОБЕЗБЕДУВААТ ОВАА ЗАШТИТА

## II. ЗАСОЛНУВАЊЕ ОД ПЕРСПЕКТИВА НА ОНИЕ КОИ ЈА ОБЕЗБЕДУВААТ ОВАА ЗАШТИТА

### Методолошки осврт

Овој дел од анализата има за цел да го утврди начинот и пристапот на засолнување од перспектива на вработените кои работат во засолништата за жртви на семејно насилство, независно дали станува збор за државни или засолништа раководени од граѓански организации, како и стручната работа која се реализира во нив. Вториот сегмент, кој беше анализиран, се капацитетите со кои располагаат овие засолништа (просторни и човечки), локацијата на која тие се наоѓаат и безбедносните мерки кои ги применуваат, соодветно на законски пропишаните норми и стандарди на ова поле.

За потребите на оваа анализа користевме два извори на сознанија: информации од спроведени интервјуа со вработените/ангажираните лица во засолништата и информации прибрани по пат на пополнување на прашалник од страна на меѓуопштинските центри за социјална работа (во понатамошниот текст МЦСР).

За оваа намена беа подготвени два прашалника, односно еден наменет за вработените/ангажираните лица во засолништата и еден општ прашалник наменет за МЦСР. Прашалниците се подготвени во согласност со европските стандарди за засолнување.

За вработените/ангажираните лица во засолништата беше подготвен прашалник во обем од 75 прашања. Во содржинска смисла прашалникот беше поделен на повеќе тематски целини, односно принципи на работење: постапка на засолнување; заштита која се обезбедува за жртвата и нејзините деца; животни услови и останати аспекти за нормално функционирање на засолништата и можностите за унапредување. Беа интервјуирани вкупно десет (10) вработени/ангажирани лица кои работат во државните засолништа, односно по едно (1) вработено лице од секое државно засолниште (Скопје, Кочани, Охрид, Куманово, Струмица, Битола и Прилеп) и по едно (1) вработено/ангажирано лице кое работи во засолништата раководени од граѓанските организации (Шелтер центарот при Македонскиот центар за женски права - МЦЖП; транзитната куќа при Националната СОС-линија на Организацијата на жени на град Скопје и кризниот центар „Надеж“).

Општиот прашалник наменет за МСЦР беше составен од 60 прашања и во структурна смисла беше поделен на два дела, односно утврдување на постапката за засолнување кај МЦСР и институционален одговор на центрите за социјална работа, односно нивно постапување во случаи на семејно насилство за периодот 2008-2009 година. Прашалникот беше пополнет од страна на дваесет и еден (21) МЦСР: Берово, Делчево, Гевгелија, Кавадарци, Кочани, Кратово, Крива Паланка, Крушево, Неготино, Прилеп, Пробиштип, Радовиш, Ресен, Скопје, Струга, Свети Николе, Тетово, Валандово, Велес, Виница и Дебар.

### Принципи на работа на засолништата

Водејќи се од основните принципи на работење на засолништата, односно нивната достапност во текот на 24 часа, како и од бесплатните услуги, предмет на овој дел од анализата е применувањето на овие принципи во засолништата во нашата земја.

Еден од основните принципи на работење на секое засолниште е неговата достапност 24 часа во текот на целата година. Од добиените податоци може да се констатира дека достапноста и можноста за пристап на жртвата да се засолни во засолниште е ограничена за одреден временски период, наспроти потребата од нејзино згрижување во кое било време во текот на денот и ноќта.

Имено, ниту едно засолниште, независно од тоа дали станува збор за државно или за засолниште од граѓанска организација, не обезбедува кадар кој работи постојано (24 часа) во засолништето.

Овој недостаток во обезбедувањето на дваесет и четиричасовно прифаќање од страна на дежурно лице во засолништата заради итно згрижување на жртвата, делумно се компензира со воведување на дежурни СОС-линии или пак дежурни мобилни телефони на кои се јавува одговорно лице. Во оваа смисла, востановените дежурни СОС-линии или дежурни мобилни телефони при засолништата овозможуваат мобилизирање, односно покренување на системот на заштита на жртвата на семејно насилство од моментот на нејзиното јавување, а во случај на итна потреба и сместување на жртвата, пред сè, во попладневните и во ноќните часови, како и за време на викендите.

Дури и пријавувањето во овие часови во полициска станица поради сериозна опасност по животот на жртвата, а оттука и нејзино понатамошно сместување, би било оневозможено доколку вакви дежурни линии/мобилни телефони не постојат.

Се поставува прашањето каде ќе се засолни онаа жртва којашто пријавува семејно насилство во овие часови, а во градот во кој живее не постои засолниште. Се чини дека единствен излез за овие жени е да се обратат во Националната СОС-линија во Скопје, која

понатаму би ја контактирала дежурната линија при она државно засолниште (Центар за лица - жртви на семејно насилство) кое, според регионалниот опфат, може да изврши прифаќање на жртви од овие градови во кои не постојат вакви центри.

Дополнително отежнувачка е состојбата во другите градови, со исклучок на Скопје, со оглед на фактот дека не постојат засолништа кои обезбедуваат итно привремено згрижување (24-48 часа). Во Скопје ова засолнување го обезбедуваат транзитната куќа при Националната СОС-линија и кризниот центар „Надеж“.

Прашањето на достапност се анализираше и преку согледување на дел од податоците добиени од општиот прашалник доставени од вкупно дваесет и еден (21) МЦСР. Имено, на прашањето „*Која е постапката за сместување што ја практикувате, доколку жртвата има потреба од згрижување во ноќните часови или пак за време на викенд*“ одговориле дванаесет (12) МЦСР, од кои шест (6) изјавиле дека досега немале регистрирано таков случај и дека не располагаат со ресурси за итно сместување. МЦСР, во чии рамки функционираат засолништа, и кои ги доставиле одговорите на општите прашалници и тоа Кочани и Скопје, изјавиле дека „*згрижувањето во ноќните часови и за време на викенд го врши транзитната куќа при Националната СОС-линија во Скопје, а пак Кочани преку постојната СОС-линија веднаш реагира на потребата од итно сместување, а доколку нема друго сигурно место за сместување, ја засолнуваат жртвата во засолништето, а првиот работен ден повторно се испитува случајот*“. Останатите МЦСР, во чии рамки не постојат засолништа, изјавиле дека згрижувањето во овие часови се реализира кај: роднини и пријатели, блиски роднини, во најблиското засолниште, *професионално интервентно згрижувачко семејство*, или во краен случај, во дом за стари лица.

Единствено следниве МЦСР посочиле со кои потешкотии се соочуваат при ваквото згрижување и тоа:

– „*Немаме капацитети за сместување*“ (*изјава на вработен во МЦСР – Неготино*).

– „*Нема слободни места во засолништата во другите градови*“ (*изјава на вработен во МЦСР - Прилеп*).

– „*Во двете општини немаме засолниште, немаме возило во исправна состојба*“ (*изјава на вработен во МЦСР - Радовиш*).

– „*Неопходно е отворање на Шелтер центар за семејно насилство во Велес бидејќи се соочуваме со проблем на недостиг од слободни места во засолништата кои се на располагање. Не можат да се надоместат трошоците направени во периодот на сместување*“ (*изјава на вработен во МЦСР - Велес*).

– „*Иако сме немале досега потреба, во иднина може да има. Немаме дежурна служба во МЦСР, ниту дежурен службен телефон на располагање. Референтот го користи својот телефон, интервенира по повик на полиција во ноќните часови и викендите, но сето тоа не е платено*“. „*Имало иницијативи овој проблем да се разреши, но за жал сè уште е актуелен и во иднина доколку не се разреши, може да биде голем проблем на штета на жртвите*“ (*изјава на вработен во МЦСР - Тетово*).

Жртвите кои се засолнуваат во засолништата кои беа анализирани не плаќаат за своите услуги, што впрочем претставува и основен принцип на работа на секое засолниште за жртви на семејно насилство. Во однос на прашањето дали постојат трошоци кои жртвата ги покрива сама, добиените податоците покажуваат дека сите засолништа обезбедуваат бесплатни услуги за своите корисници (жените и децата), и тоа: бесплатно сместување, исхрана, средства за хигиена, како и обезбедување на бесплатна здравствена заштита. Постојат исклучоци кога, доколку жртвата е од друг град, со несменета лична карта, здравствена книшка и матичен лекар, одредени здравствени услуги жртвата ги покрива приватно. Во овие случаи МЦСР, во чии рамки постојат засолништата, обезбедуваат еднократна парична помош со цел жртвата да ги покрие овие дополнителни трошоци. За жал, ова право на еднократна парична помош е често недостапно за жртвата на семејно насилство, доколку таа не е сместена во некое државно засолниште.

Што се однесува пак до засолнатите жртви кои се вработени, иако се во незначителен број, тие се должни сами да си обезбедат храна, односно овие услуги за нив не се бесплатни.

### Информации за постоење на можноста за засолнување

Достапноста на засолнувањето исто така беше анализирана и од аспект на тоа дали воопшто жртвите имаат информации за постоењето на оваа мерка за заштита и на кој начин тие можат да остварат контакт со засолништата.

Општа констатација е дека жртвите за можноста од засолнување првично добиваат информации дури кога ќе се обратат за помош до МЦСР во чии рамки постои државното засолниште, како и од страна на полицијата. Само три (3) од државните засолништа преземаат дополнителни мерки во насока на промовирање на севкупните мерки за заштита меѓу кои и

„Обезбедување на нужно сместување на лицето – жртва на семејно насилство“. Овие активности се состојат од организирање и учество во медиумски кампањи, како и подготовка и дистрибуција на информативни материјали.

Од друга страна, ваквиот начин на работа е вообичаен и често практикуван од страна на граѓанските здруженија. Дополнително, тие ги промовираат своите дежурни СОС-линии во печатените медиуми.

### Локација на засолништата

Сите анализирани засолништа се наоѓаат во населено место при што жените жртви можат со јавен превоз да стигнат до него. Во близина на сите засолништа постои здравствен дом, полиција, училиште/градинка, со исклучок на засолништата од Битола и Кочани во чија близина не постои полициска станица.

### Животни услови во засолништата

Во однос на прашањето „Дали за секоја жена со нејзините деца има посебна соба“, 6 (шест) од засолништата одговориле дека имаат обезбедено посебна соба за секоја жена со нејзините деца. Во државното засолниште во Скопје, привремeното засолниште на кризниот центар „Надеж“ и Шелтер центарот е изјавено дека не постојат посебни соби за секоја жена. Засолништата, пак, кои одговориле дека имаат посебна соба за секоја жена, истакнале дека тоа се должи на неискористеноста на нивните капацитети, па оттука доколку нивниот број би се зголемил, во тој случај би морале да бидат сместени повеќе жени во една соба.

Во однос на засолнувањето на жени со посебни потреби, сите засолништа изјавиле дека не располагаат ниту со соодветни услови за прием на вакви лица, ниту пак имаат соодветен кадар кој би можел да работи со нив.

Што се однесува пак до поставеното прашање „Дали засолништето и просториите во него се удобни, пријатни за престој и се со соодветно затоплување“, сите засолништа дале позитивен одговор.

Во однос на обезбедувањето на активности кои подразбираат давање заемна поддршка (групи за самопомош, дебатни клубови, редовни тераписки состаноци, итн.); четири (4) од вкупно десет (10) изјавиле дека не ја обезбедуваат оваа услуга, едно (1) засолниште одговорило дека оваа услуга се обезбедува по пат на импровизирање, а пак едно (1) засолниште не одговорило. Останатите четири (4) засолништа навеле дека овој тип на активности ги реализирале преку организирани чистења на домот, подготвување храна, натпревари во плетење или пак оставале жените сами да го организираат своето време, што е сосем спротивно на основната цел на оваа услуга.

Што се однесува до организирање на културно-забавниот живот, стручните лица од засолништата изјавиле дека воопшто не се преземаат вакви активности. Имено, тие се реализирале инцидентно и тоа најчесто преку организирање на заеднички излет во природа.

### Мерки за безбедност во засолништето

Предмет на истражување претставуваше и прашањето колку идентификуваните засолништа имаат утврден систем на безбедност кој гарантира за безбедноста на жените додека се во засолништето.

Засолништето е должно да воспостави систем на безбедносни мерки на заштита со што на жртвата ќе ѝ овозможи стекнување доверба во установата, како и губење на чувството на страв за себе и за своите деца.

Секое анализирано засолниште располага со различни видови мерки кои треба да обезбедат соодветна заштита и безбедност на жртвите згрижени во засолништето. Имено, пет (5) засолништа располагаат единствено со еден главен влез, две (2) засолништа имаат еден главен влез и дополнителен излез за итни ситуации, засолништето во Скопје обезбедува директна телефонска линија до најблиската полициска станица, еден главен влез/излез за итни ситуации и надворешно обезбедување од лице чувар навечер; кризниот центар „Надеж“, обезбедува силни безбедносни врати и еден главен влез, а пак Шелтер центарот од Скопје располага со следниве безбедносни мерки: силни безбедносни врати, еден главен влез, директна безбедносна телефонска линија до најблиската полициска станица и надворешно обезбедување од лице чувар навечер.

Добиените податоците укажуваат дека секое анализирано засолниште изградило различен и уникатен начин на обезбедување на заштита на жените жртви на семејното насилство.

Одговорите добиени на прашањето на кој начин се обезбедува безбедноста на жените во засолништето, се следни:

*– „24 часа сме таму, двајца во две смени, а по 20 часот има чувар, но ние и жените не сме безбедни додека сме на работа, ако некој на*

*сила сака да влезе" (изјава на вработен во МЦСР - Скопје).*

*– „На повик на жртвата, полицијата веднаш интервенира" (изјава на вработен во транзитна куќа при Националната СОС-линија).*

*– „Имаме посебен телефонски број со кој директно комуницираме со полицијата. Тие постапуваат ургетно по нашата дојава" (изјава на вработен во Шелтер центарот).*

*– „Обична патрола која повремено патролира околу засолништето со информирање на началникот на МВР" (изјава на вработен во МЦСР –Кочани).*

*– „Скоро никаков, тие се сами, клуч им даваме, си имаме лозинка, им даваме инструкции на ѕвонење да не реагираат, децата да не носат другарчиња" (изјава на вработен во МЦСР - Охрид).*

*– „Имаме добра соработка со инспекторката, сепак зависи од личноста, и со полицијата имаме потешкотии во соработката" (изјава на вработен во МЦСР - Куманово).*

*– „Заклучена е надворешната порта, па влезната врата, па на спратот уште една врата. Ако жената насети дека има опасност, ни се јавува на нас, а ние пак на полицијата, за да може во тој период реонскиот полицаец да патролира" (изјава на вработен во МЦСР - Струмица).*

*– „Самозаштита" (изјава на вработен во МЦСР - Битола).*

*– „Со полицијата, веднаш се до нас"...(изјава на вработен во кризниот центар „Надеж").*

За постоењето на засолништето се известува најблиската полициска станица и тоа е случај со сите засолништа, со исклучок на засолништето во Битола кое изјавило дека само еден од инспекторите е известен, но не и полициската станица.

Заради итно постапување на полицијата, во случај кога здравјето и безбедноста на жртвите и нивните деца е загрозена, неизбежно е постоење на позитивна практика, односно договорен начин на обезбедување на заштита меѓу стручните лица од засолништето, од една страна, и најблиската полициска станица, од друга страна.

За жал, ваквата практика не се спроведува на организиран и договорен начин. Општа констатација е дека ваквата соработка и начин на постапување се само начелно договорени и зависи од секој поединечен случај. Имено, не постои посебен развиен план за безбедност со јасни инструкции во ниту едно засолниште (засолниште Скопје – *„да, договорено е меѓу нас, вработените, доколку некој насилник тропа долу на вратата, да не ја отвораме. Еден од нас треба да оди на прозорецот и да го праша насилникот кого бара. Во меѓувреме жртвата чија сигурност е загрозена со неговото доаѓање ја советуваме да се скрие во гаражата").*

**Постапка за засолнување во засолништа кои обезбедуваат подолгорочна заштита (од 6 до 12 месеци)**

**Регулирање на засолнувањето како мерка за заштита**

Мерките за заштита на жртвите на семејно насилство меѓу кои и „Обезбедување на нужно сместување на лицето жртва на семејно насилство" се регулирани со Законот за семејство (Службен весник на РМ бр. 83/04) и Правилникот за начинот на спроведување и следење на изречените мерки за заштита на семејството и лицата жртви на семејно насилство преземени од центарот за социјална работа и за начинот на следење на привремените мерки изречени од судот (Министерство за труд и социјална политика, Службен весник бр. 103/07, член 6). Законскиот назив за засолниште е *Центар за лица жртви на семејно насилство.*

Имено:

*„Сместувањето во центарот за лица жртви на семејно насилство се презема како мерка за заштита во случај кога за лицето - жртва на семејно насилство е утврдено дека постои сериозна опасност и закана по животот и здравјето, заради примена на физичка сила, закана или заплашување од друг член од семејството, а при отсуство на ресурси во семејната средина за прифаќање на жртвата и нејзините деца.*

*Спроведувањето на мерката од став 1 на овој член се врши согласно со заклучокот на стручниот тим и решението на месно надлежниот центар за социјална работа за упатување на лицето – жртва на семејно насилство во центар за лица - жртви на семејно насилство.*

*Сместување на лицето - жртва на семејно насилство во центар за лица - жртви на семејно насилство го спроведува стручен работник од центарот за социјална работа, кој, покрај решението за сместување, доставува и наод и мислење на стручен тим и план за индивидуална работа со лицето.*

*По сместувањето на лицето - жртва на семејно насилство во центар за лица - жртви на семејно насилство, стручниот работник од став 3 на овој член изготвува план за преземање на други мерки за заштита, како би се создале услови за што побрзо враќање на сместеното лице во неговата претходна средина".*

Дополнително начинот на спроведување на засолнувањето како мерка за заштита е уредено со стручно-методолошки упатства

подготвени од Заводот за социјални дејности, поконкретно во Упатството за работа на центрите за социјална работа на проблемот на семејното насилство и во Упатството за начинот на организација и работа со жртви на семејно насилство во Центарот за лица жртви на семејно насилство.

Нормативите и стандардите за простор, опрема и стручни кадри се подетално прецизирани во Правилникот за нормативи и стандарди за основање и започнување со работа на установи за социјална заштита, Центар за лица жртви на семејно насилство (Министерство за труд и социјална политика, Службен весник бр. 33/07).

Прашањето за достапноста на мерката за заштита „Обезбедување на нужно сместување на лицето жртва на семејно насилство" беше анализирано од аспект на тоа дали подзаконските акти, односно методолошки стручните упатства, се применуваат на единствен и унифициран начин од страна на стручните лица и дали тие претставуваат солидна рамка за реализирање на стручната работа со лицата жртви на семејно насилство, а оттука и соодветна проценка за потребата од засолнување.

Податоците добиени од спроведената анализа покажуваат дека во четири (4) МЦСР од вкупно дваесет и еден (21) доставени и анализирани прашалници, не постои пропишана постапка за сместување на жртвите во засолништа. Се чини дека тие воопшто немале случај на сместување во засолниште, па оттука и негативно одговориле на ова прашање. Дополнително уште два МЦСР не ги опишале чекорите во постапката за сместување, со образложение дека едниот воопшто немал таков случај, а другиот дека во 2008 и 2009 година немале случај на засолнување. Два МЦСР изјавиле дека досега имале само еден случај на засолнување, а пак други два МЦСР не одговориле на прашањето за тоа колку време поминува од првичниот прием на жртвата до нејзиното сместување во засолниште.

Од анализираните компаративни податоци може да се констатира дека десет (10) МЦСР немаат воопшто искуство во водење на постапка за засолнување на жртвите на семејно насилство.

Од друга страна, пак, добиените податоците од единаесет (11) прашалника на МЦСР покажуваат унифицираност во однос на постапките при сместување на жртвите на семејно насилство, тргнувајќи од првичната проценка на ризик и потребите на жртвата, прибирање на соодветна документација, изготвување на наод и проценка на стручен тим, па сè до подготовка на решението за сместување по дадена изјава за согласност на жртвата. Вака утврдениот начин соодветствува со пропишаната постапка за работа со жртви во методолошките упатства на ЈУЗСД.

Истото може да се заклучи од одговорите на вработените во МЦСР на прашањето „*Врз основа на кои параметри се одлучува за потребата од престој*". Имено, во повеќето одговори се посочуваат сериозната опасност и закана по животот на жртвата и отсуството на ресурси за прифаќање во нејзината семејна средина, параметри предвидени во Правилникот за начинот на спроведување и следење на изречените мерки за заштита. Само два (2) МЦСР посочиле по еден од овие параметри.

Се поставува прашањето дали вака утврдените параметри се доволна основа за соодветно утврдување на потребата од сместување, посебно во однос на утврдување на тоа што претставува „сериозна опасност и закана по животот на жртвата". Во недостаток на други развиени механизми за проценка, утврдувањето на ризикот по животот и здравјето на жртвата и нејзините деца од страна на стручните работници, скоро е невозможен.

Наведената констатација оди во прилог на фактот дека за жал и покрај многубројните наведени обрасци за семејно насилство пропишани од Заводот за социјална дејност, сепак недостасуваат соодветни инструменти за проценка на ризик кај жртвата на семејно насилство.

Имајќи го предвид фактот дека првичниот прием и проценката на ризик и потребите на жртвата се од суштинско значење за утврдување на најдобриот облик за заштита на жртвата на семејно насилство, а оттука и потребата за засолнување, воведувањето на овие инструменти е повеќе од неопходно.

Од друга страна, загрижува податокот дека ниту еден од стручните работници, кои работат со жртвите на семејно насилство, немањето на вакви инструменти за проценка на ризик не го посочиле како сериозен недостаток и потешкотија во остварувањето на нивната стручна работа.

### Обезбедување на мерки за заштита во рамки на засолништето

Обезбедувањето на сите мерки за заштита во рамки на засолништето се реализираат на начин утврден во индивидуален план за работа со лицето жртва на семејно насилство. Планот се подготвува од страна на стручниот работник во МЦСР, а по извршена проценка.

Индивидуалниот план согласно со *Правилникот за начинот на спроведување и следење на изречените мерки за заштита на семејството и лицата жртви на семејно насилство преземени од Центарот за социјална работа и за начинот на следење на привремените мерки изречени од судот*, содржи редослед на преземање на мерките за заштита, нивно времетраење, начин на следење и оцена на мерките за заштита од страна на одговорниот стручен работник од МЦСР, без оглед дали мерките за заштита се спроведуваат од МЦСР или друга соодветна установа, советувалиште, здруженија на граѓани, или се преземаат други мерки согласно со законот за семејство. По сместување на лицето жртва на семејно насилство во засолниште, стручниот работник од Центарот е должен да изготви и дополнителен план за преземање на други мерки за заштита за да се создадат услови за што побрзо враќање на сместеното лице во неговата претходна средина.

За разлика од законски предвидените одредби за мерките за заштита во Законот за семејство, методолошките упатства на Заводот за социјални дејности за центрите за лица жртви на семејно насилство предвиделе обврска за обезбедување на други мерки за заштита:

1. Престој и егзистенција (сместување, исхрана, одржување на хигиена).
2. Психосоцијална интервенција и емоционална поддршка на жртвите.
3. Размена и споделување на искуства и давање на заемна поддршка (групи за самопомош, дебатни клубови, редовни тераписки состаноци, стекнување на работни вештини преку креативни работилници, итн.).
4. Правна поддршка за активностите врзани со актот на семејно насилство (информирање, давање правни совети и застапување пред надлежни судски органи).
5. Информирање на жртвите за соодветните институции и определени права кои во нив можат да ги остварат( здравствени институции заради обезбедување на здравствена заштита, образовни институции кои нудат курсеви за работно оспособување, работно ангажирање, самовработување, како и други услуги по барање на корисниците.
6. Обезбедување на дополнителна материјална помош преку храна, облека, лекови, медицински помагала, дополнително образование и др. во соработка со здруженијата на граѓани.
7. Организирање на културно-забавен живот.

Вака утврдените услуги кои центрите за лица жртви на семејно насилство - засолништата треба да ги обезбедат, наведуваат на констатација дека услугите кои се обезбедуваат за овие жртви се различни од услугите, односно од мерките за заштита кои се обезбедуваат за жртвите кои не се згрижени.

Напротив, системот за заштита треба да биде единствен и да не ги ограничува жените жртви на семејно насилство во неговото користење независно од тоа дали тие биле или не биле сместени во засолниште. Дотолку повеќе што стручниот кадар во засолништето е всушност истиот професионален кадар кој работи со жртвите во МЦСР и е должен да преземе соодветни мерки за заштита.

Заради утврдување на тоа кои од наведените мерки за заштита и во колкава мера навистина се обезбедуваат, се анализираа неколку аспекти. Еден од нив е дали стручните работници можат професионално да одговорат на преземањето на соодветни мерки за заштита во засолништето, од една страна, и другите работни обврски во МЦСР, од друга страна. Имено, стручните работници од државните засолништа посочиле дека освен работата во засолништето имаат и други дополнителни работни обврски меѓу кои: нарушени брачни и семејни односи, постапка за мирење на брачните другари, видувања со деца, згрижувачки семејства, парични давања и др. („*Работиме на сите можни категории, сешто работи Центарот, еве на пример раководителот на одделението за социјална заштита (социјален работник) работи на бракови, старателства, посвојување, малолетничка правда, а пак раководителот на одделението за општи и заеднички работи е одговорен за социјално исклучени лица, центар за дроги, народна кујна, севкупното финансиско работење и плус како правник во Одделението за трговија со луѓе и е задолжена за подготовка на сите решенија што ги носи МЦСР*“.

Се чини дека освен првата мерка за заштита која претставува предуслов за успешно реализирање на останатите „Обезбедување на нужно сместување”, сите други наведени мерки за заштита се реализираат на неунифициран, неутврден начин. Мошне неповолна е констатацијата дека квалитетот и обемот на обезбедените мерки за заштита најчесто и во голема мера зависат од професионалниот однос на стручниот работник и неговата посветеност, а во многу помал дел од недостатокот на расположливо време.

Во поткрепа на оваа констатација оди и фактот дека иако психосоцијалната интервенција и третман на жртвата претставуваат најчесто обезбедувана мерка за заштита, сепак секое од

интервјуираните стручни лица дало различни објаснувања за тоа што подразбира оваа услуга. Имено, некои подразбираат едноставно ислушување на жртвата; некои јакнење на самодоверба и психовежби; проценка на цела таа ситуација; работа со жртвата таа да се охрабри и да стане свесна за она што ѝ се случува; советување во зависност од проблемот; проценка на нејзините потреби; па сè до непрепознавање на основниот мандат на стручните лица во засолништето, односно, „*Ние (социјалните работници) не нудиме таква услуга*”.

Од друга страна, пак, анализираните податоци даваат позитивна слика за ефектите од оваа мерка на заштита. Имено, податоците укажуваат на директната поврзаност на ефектите од психосоцијалната интервенција и третман на жртвата сместена во засолништа, со времето на престој. Па така, стручните лица во донесувањето на одлуката за должината на престојот во засолништето, освен другите параметри како што се контекст на случување на семејното насилство, судските постапките кои се во тек и опасноста од насилство, ги земаат предвид и ефектите, односно потенцијалите и капацитетите на жртвата кои се неопходни за да зајакне и да се интегрира во социјалната средина, колку жртвата психички е подготвена (дали е во траума/стресна состојба), кои се нејзините професионални капацитети и можности за изнаоѓање на работа и обезбедување на егзистенција по излегување од засолништето.

Сепак, останува неразбирливо на кој начин се мерат и се следат ефектите од реализираната психосоцијална интервенција и третман, па следствено на тоа и како стручните работници во МЦСР одлучуваат за скратување, продолжување или за прекинување на времето за престој. Податоците добиени од две државни засолништа укажуваат на постоење на јасни параметри за спроведување и следење на ефектите од индивидуалниот план за работа, па со тоа и на мерките за заштита „*Ги дефинираме целите, резултатите и индикаторите за следење ризици, и на крај правиме една наша евалуација бидејќи немаме некои дефинирани во Министерството. Но сепак да видиме како била жртвата на почетокот, а како на крај*”, односно „*Предвидуваме чекори зависно од нејзините капацитети, проценети потреби што би било најцесообразно за неа*”.

Засолништето, пак, водено од граѓанската организација Шелтер центар, посочило дека за секоја жртва се подготвува индивидуална стратешка програма и план, како и стратегија за излез, со кои се реализираат мерките за заштита и се одлучува за времето на престој.

Што се однесува пак до мерката за заштита, „обезбедување на здравствена заштита”, повеќето од стручните лица изјавиле дека оваа услуга подразбира придружба до здравствена установа, па потоа обезбедување на здравствена документација, и, само во исклучителни случаи, општа здравствена контрола.

Унифицирани се одговорите изјавени од стручните работници за тоа што подразбираат под мерката „помагање за продолжување на редовното образование”, потоа под мерката „обезбедување на правна помош и застапување”, „поднесување на барање до судот за изрекување на ПМЗ”. Од другите мерки кои по потреба ги презеле стручните лица наведено е помагањето при наоѓање работа.

### Специјализирани услуги за децата на засолнатите жртви

Ниту едно од анализираните засолништа не обезбедува специјализирани услуги за децата сместени во засолништата од страна на посебно квалификувано лице.

„*Посебни специјализирани услуги немаме, но обично кога има деца тука е психологот, таа работи со нив*” (*изјава на вработен во МЦСР - Кочани*)

Стручната работа со децата подразбира работење на педагог, психолог, преку соодветните одделенија при МЦСР, но тоа не подразбира континуирана работа со нив во рамки на самите засолништа.

„*По потреба доаѓа педагог, но ние единствено им помагаме при учење, ако се мали преку работилници, цртаме...*” (*изјава на вработен во МЦСР - Скопје*).

Според добиените податоци, со посебно квалификувано лице (вработено лице) кое работи со децата располага единствено Шелтер центарот - Скопје.

### Можности за унапредување на работата во засолништата

Заради добивање на податоци по прашањета кои се однесуваат на перспективите за понатамошна работа на засолништата, се испитуваа ставовите на стручните работници за потешкотиите со кои се соочуваат при извршување на работата и можностите за нејзино унапредување.

Согласно со анализираните податоци, сите стручни работници кои работат во државните засолништа ги навеле истите потешкотии со кои се соочуваат во работата: преоптовареност со работни

задачи, па следствено, неможност професионално да се одговори на сите, како и недостаток од континуиран професионален кадар во засолништето и лице за обезбедување на засолништето (во траење од 24 часа). Веднаш по нив следат, постоење на административни бариери при обезбедување на лична документација и недостаток од финансиски средства. За разлика од нив, лицата кои работат во засолниште од граѓанска организација, посочиле други потешкотии со кои се соочуваат: немање на континуирани финансиски средства за тековни трошоци на засолништето, обезбедување на стручен кадар, како и непостоење на солидна соработка со останатите институции.

Дека капацитетите на засолништата во основа ги задоволуваат потребите на жените жртви на семејно насилство изјавиле повеќето стручни лица од засолништата. Дополнително, некои изјавиле дека освен базичните потреби, недостасуваат психосоцијалната и правната помош.

Стручните работници беа запрашани за нивните ставови, мислења и предлози за подобрување на условите за работа во засолништето, како и за подобрување на севкупната заштита на жртвите. Во оваа насока беа дадени повеќе предлози меѓу кои:

- вработување/ангажирање на стручен тим (социјален работник, психолог и педагог) во засолништето (24 часа);
- ангажирање на лекар кој би доаѓал еднаш во неделата;
- ангажирање на волонтери по потреба;
- ангажирање на лице/служба за обезбедување на засолништето;
- вработување на правник;
- преземање на мерки за вработување на жртвите;
- реализирање на групни советувалишни третмани;
- зголемување на капацитетите на засолништата (зголемување на број на спални, простор за дружење за децата, за стручна работа со жените жртви на семејно насилство);
- обезбедување на мерки за безбедност во засолништата;
- континуирани и мултиресорски обуки заради размена на искуства (владин и граѓански сектор).

Овие прашања беа анализирани и преку податоците добиени од општите прашалници доставени од МЦСР. Имено, освен веќе наведените, тие посочија и други мерки/предлози за унапредување: обезбедување на буџет соодветен на потребите за заштита на жртвите на семејно насилство преку воспоставување на посебен фонд за семејно насилство; мобилен стручен тим за интервенирање во итни случаи; обезбедување на поголема материјална сигурност, освен еднократната парична помош преку развивање на програми за економско јакнење; усвојување на протоколи за координација и соработка помеѓу институциите.

# III

# ЗАСОЛНУВАЊЕТО КАКО (НЕ)ОБЕЗБЕДЕНА ЗАШТИТА - ПЕРСПЕКТИВА НА ЗАСОЛНАТИТЕ ЖРТВИ

## III. ЗАСОЛНУВАЊЕТО КАКО (НЕ)ОБЕЗБЕДЕНА ЗАШТИТА - ПЕРСПЕКТИВА НА ЗАСОЛНАТИТЕ ЖРТВИ

### Методолошки осврт

Во овој дел од анализата ќе бидат презентирани сознанијата добиени од интервјуата спроведени со жените жртви на семејно насилство засолнати во државните засолништа и засолништата на невладините организации, насочени првенствено кон заштитата која на овие жртви им е обезбедена со засолнувањето, но и воопшто во однос на обезбедената заштита по претрпеното насилство.

За потребите на оваа анализа беа интервјуирани вкупно седумнаесет (17) жени жртви на семејно насилство кои биле засолнати во времето на спроведување на оваа анализа во периодот од јули до декември 2009 година во сите засолништата воспоставени од Министерството за труд и социјална политика (во понатамошниот текст државни засолништа) и засолништа воспоставени од граѓанските организации (Шелтер центарот и привременото засолниште на кризниот центар „Надеж“). Од вкупно интервјуираните, тринаесет (13) жртви биле засолнати во државните засолништа и тоа шест (6) од државното засолниште во Скопје, две (2) од Битола, две (2) од Струмица и по една (1) жртва од засолништата во Кочани, Куманово и Охрид. Од засолништата на граѓанските организации интервјуирани се четири (4) жртви и тоа две (2) од Шелтер центарот и две (2) од привременото засолниште на кризниот центар „Надеж“. Со оваа анализа не беа опфатени жртвите засолнати во транзитната куќа на Националната СОС-линија за жртви на семејно насилство, бидејќи во периодот на спроведување на оваа анализа немало жртви кои биле засолнати во нивната транзитна куќа.

Во перидотот на спроведување на интервјуата, од вкупно седумнаесет (17) интервјуирани жртви, дванаесет (12) жртви биле засолнати во моментот на интервјуирање (2009 г.), наспроти пет (5) кои биле засолнати во различни периоди до спроведувањето на оваа анализа. Ова е вака од причина што во некои државни засолништа во периодот на спроведување на анализата немаше засолнати жртви кои би можеле да ги интервјуираме, па поради тоа беа интервјуирани жртви кои биле засолнати во овие засолништа во периодот пред спроведување на анализата. Сепак, поголемиот број интервјуирани жртви биле засолнати во перидот на спроведување на оваа анализа од што можеме да заклучиме дека наодите од оваа анализа соодветно ќе ги рефлектираат состојбите на жртвите засолнати во периодот на интервјуирање, односно 2009 година.

Имено, според периодот на засолнување утврден со спроведените интервјуа, жените жртви на семејно насилство биле засолнати во периодот од август 2003 година до октомври 2009 година. Од вкупно седумнаесет (17) жртви, десет (10) биле засолнати во текот на 2009 година, две (2) во 2007 година и по една (1) во 2006, 2005, 2004 и 2003 година. Од шесте (6) жртви кои не биле засолнати во перидот на 2009 година, односно времето на спроведување на оваа анализа, пет (5) биле засолнати во државните засолништа и една (1) во привременото засолниште на кризниот центар „Надеж“ во 2003 година (пред воведување на законска основа за отворање на државните засолништа). Една од интервјуираните жртви не одговорила на прашањето за времето на засолнување.

За потребите на овој дел од аналзиата беше подготвен прашалник со обем од четириесет и пет (45) прашања. Во содржинска смисла прашалникот беше поделен на повеќе целини: профил на засолнатите жртви и видот на насилство кое го претрпеле; постапка за засолнување; обезбедената заштита за жртвите и нивните деца во периодот на засолнување; доживувањето на засолнувањето од страна на жртвите; задоволството од животните услови во засолништата и механизмите за изразување на незадоволство; ефектите од исполнувањето на основната и дополнителната цел на оваа мерка за заштита и плановите за понатамошно интегрирање на жртвите.

### Профил на засолнатите жртви на семејно насилство

Сакајќи да го утврдиме профилот на засолнатите жртви на семејно насилство, во овој дел од анализата ќе ги презентираме сознанијата кои се однесуваат на низа карактеристики, меѓу кои: возраста, националната припадност, брачниот статус, образованието, работниот статус и висината на приходите кои ги остваруваат жртвите.

Засолнатите жртви на семејно насилство според возраста се жени од 26 до 72 години старост. Тие скоро рамномерно се рапоредени во различни возрасни групи, односно: три жртви во групата од 26 до 30 години; три жртви во групата од 31 до 35 години; две жртви во групата од 36 до 40 години; две жртви во групата од 41до 45 години; три жртви во групата од 46 до 50 години; една во групата од 51 до 55 години; една жртва во групата од 56 до 60

години и две жртви во групата од над 60 години.

Во однос на националната припадност, најголем број од засолнатите жртви се  Македонки (14), а од останатите националности застапени се по една Албанка, Ромка и Босанка.

Според брачниот статус засолнатите жртви во поголем број не живеат во брачна заедница (четири живеат одвоено од својот брачен партнер, четири се разведени и една е вдовица). Осум од жртвите живеат во брачна заедница.

Во однос на образованието, повеќето жртви се жени со стекнато средно и основно образование (осум со средно образование и шест со основно образование). Една има стеканото вишо и две високо образование.

Според работниот статус, засолнатите жртви се најчесто невработени (12 жртви). Од овие пет (5) жртви изјавиле дека работат во неформалниот сектор, односно остваруваат приходи, а не се пријавени. Пет (5) од вкупно седумнаесет (17) остваруваат приходи, од кои четири (4) по основ на вработување и една (1) е пензионерка.

Во однос на висината на месечните приходи кои ги остваруваат засолнатите жртви од осумте (8) кои одговориле на прашањето за висината на нивниот личен приход, поделени се по следните категории: две (2) со приход од 3.001 до 5.000 денари; една (1) со приход од 5.001 до 7.500 денари; една (1) со приход од 7.501 до 10.000 денари и две (2) со приход од 10.001 до 12.500 денари. Само две (2) од жртвите остваруваат приход над 15.001 денари (една од 15.001 до 20.000 денари и една над 20.000 денари). При споредување на работниот стастус и висината на месечните приходи на засолнатите жртви може да се заклучи дека оние кои „работат на црно" остваруваат приход под 10 000 денари, за разлика од вработените и пензионерката, чии приходи се над 10 000 денари.

### Засолнување и насилство претпрено од страна на жртвите

Сакајќи да ја анализираме и со тоа да ја утврдиме одредената поврзаност помеѓу претпреното насилство, од една страна, и одредувањето на засолнувањето како една од мерките за заштита, од друга страна, засолнатите жртви ги инетрвјуиравме со неколку клучни прашања за видот, обемот, времетраењето и пријавувањето на насилството (кога и каде е пријавено).

Најолемиот број засолнати жртви (15  жртви) се засолнати по прв пат. Само една од жртвите е по вторпат засолнета и една не одговорила на прашањето за бројот на засолнувања.

Во однос на поодделните видови на семејно насилство што го претрпеле засолнатите жртви, најзастапени се физичкото (сите интервјуирани жртви го пријавија) и психолошкото насилство (шеснаесет од вкупно седумнаест интервјуирани жени го пријавија). За разлика од овие два облика, само шест (6) од вкупно седумнаесет (17) засолнати жртви изјавиле дека претрпеле сексуален облик на насилство.

Носител на насилството извршено врз засолнатите жртви е нивниот сопруг (16 жртви). Само во еден случај насилството кое го претпрела жртвата било извршено од страна на нејзините син и снаа. Овие сознанија се поистоветуваат со оние утврдени во студијата „Живот во сенка" според кои најчесто во улога на насилник врз жените се јавува сопругот (актуелниот и поранешниот).

За да го утврдиме времетраењето на насилството, односно колку долго го трпеле насилството, побаравме жените да го утврдат времето на случување на првиот и последниот инцидент на семејно насилство. Анализата на одговорите го потврди познатото сознание дека жртвите на семејно насилство бараат заштита по одреден временски период на трпење на насилството. Доколку сакаме во временски распон да го прикажеме времето на трпење на насилството кај засолнатите жртви, ќе забележиме дека тој трае од 12 месеци до 39 години (најдолг временски период на претрпено насилство кој го потврдила една од засолнатите жртви). Од времетраењето на претрпеното насилството може да се заклучи дека најмногу се засолнати жртви кои трпеле насилство над 20 години (5 жртви). По нив следат жртвите кои трпеле насилство меѓу 10 и 20 години (4 жртви); меѓу 6 и 10 години (3 жртви) и меѓу 1 и 5 години (4 жртви). Само една од засолнатите жртви трпела насилство пократко од 12 месеци. Овие податоци од анализата се разликуваат со оние утврдени во студијата „Живот во сенка", каде што најчесто пријавувано е насилството меѓу 1-5 години, па по него следи актуелното насилство (во последните 12 месеци), па потоа насилството меѓу 6-10 години и 10-20 години, итн.

Овие сознанија се потврдија и со одговорите на прашањата кога и каде го пријавиле насилството. Според изјавите на засолнатите жртви, половина од нив веднаш го пријавиле насилството, односно во временски период од една година по првиот настан на насилство. Три од нив го пријавиле насилството од 1 до 5 години по првиот настан на насилство; три од нив тоа го сториле по 6-10

години од првиот настан и пет го пријавиле насилството по 10-20 години од случувањето на првиот настан. Од ова може да се заклучи дека жртвите го пријавуваат насилството веднаш по првиот инцидент или тоа го прават по исклучително долг период на негово трпење односно 10-20 години по првиот инцидент.

*„Пред 30 години, сè сум трпела за децата да ми бидат самостојни. Со ќотек, трчам по социјални грижи, пријавувам во полиција. Стотина пати го пријавував, по што ќе го притворат па пак ќе го вратат” (изјава на засолната жртва).*

*„Тоа почна на почетокот на бракот. На почетокот тоа беше психичко насилство, што е многу потешко од физичкото. Колку сме во брак? Седумнаесет години” (изјава на засолната жртва).*

*„Последните 10 години започна со обични расправии за кои сметав дека јас сум згрешила и сум ги предизвикала. Но, од обични расправии, ситуацијата сè повеќе и повеќе прераснуваше во насилство. Покрј психички, почна и физички да ме малтретира” (изјава на засолната жртва).*

На прашањето каде е пријавено насилството, највисок е степенот на пријавување на насилството во полиција (10 жртви), па по него следи пријавувањето во центрите за социјална работа (5 жртви). Една од жртвите го пријавила насилството во кризниот центар „Надеж“ каде што побарала помош за засолнување, а една од интервјуираните жртви не одговорила на ова прашање. Според изјавите на засолнатите жртви на насилство, може да се заклучи дека тие имаат поголема доверба за пријавување на насилството во полиција отколку во центрите за социјална работа. Овие проценти споредени со оние во студијата на ЕСЕ „Живот во сенка” укажуваат на двојно поголем процент на доверба во полицијата од страна на жртвите на насилство, односно со студијата степенот на пријавување во полиција е 20% за разлика во оваа анализа каде што процентот на пријавување во полиција изнесува 59%. За разлика од овие податоци, податоците за пријавување на насилство од страна на засолнатите жртви во МЦСР не варираат многу од оние утврдени со студијата „Живот во сенка”. Имено, во студијата е утврден процент на пријавување во центрите за социјална работа од 18,7% за разлика од податоците во оваа анализа каде што жртвите изјавија дека во 29% го пријавиле насилството во центрите за социјална работа. Доколку сакаме да извршиме споредување со пријавување на насилство во граѓанските организации, може да се заклучи дека степенот на пријавување е поповолен наспроти оној утврден во студијата „Живот во сенка” (според студијата само три жени пријавиле насилство во граѓанските организации).

### Информации за постоење на можноста за засолнување

За постоењето на можноста за засолнување жртвите дознале од повеќе извори. Сепак, информациите дадени од страна на роднините и пријателите на жртвите (5 жртви), како и оние добиени преку средствата за јавно информирање (4 жртви) одиграле значајна улога во информирањето на жртвите за постоење на оваа мерка за заштита. Граѓанските организации кои работат на ова прашање, исто така се јавиле како извор на вакви информации (2 жртви). За разлика од овие жртви кои за постоењето на оваа можност се запознале пред пријавувањето и барањето заштита од надлежните институции, останатите седум (7) засолнати жртви за оваа можност биле информирани од страна на службените лица на полицијата и центрите за социјална работа дури по пријавување на насилството.

### Постапка за одредување на мерката за заштита - засолнување

Имајќи ја предвид основната цел која треба да ја постигне засолнувањето како мерка за заштита, односно обезедување на сигурност за жртвата и децата во случаи кога е утврдено дека постои сериозна опасност и закана за нивниот живот и здравје поради примена на физичка сила, закана или заплашување, а при отсуство на ресурси во семејната средина за нивно прифаќање, анализиравме низа аспекти кои можат да влијаат врз начинот и брзината во определувањето на оваа мерка на заштита. Оттука, утврдивме одредени недостатоци и можности за унапредување на постапката во обезбедување на заштита на жртвите.

Еден од аспектите што го анализиравме во постапката за определување на овој вид заштита е кој профил на службени/одговорни лица ги примиле жртвите при обезбедување на потребната заштита и работеле со нив. Од одговорите на засолнатите жени не можевме да утврдиме унифициран пристап во спроведување на првиот разговор и првичната проценка, во смисла на профилот на лицето кое ги спровело и дали се работи за поединец или тим од стручни лица кои ја спроведуваат процената. Па така, со две (2) жртви разговарале тимови со стручни работници кои работат во надлежните одделенија за работа на прашањето за семејно насилство; една (1) од нив разговарала со психолог; три (3) со социјален работник; една (1) со службеник од полиција и службеник од центрите за социјална работа; две (2) жртви биле

примени од страна на директорот/ката на МЦСР и четири (4) разговарале со овластени службени лица во полиција. За разлика од државните институции и нивната постапка при спроведување на првичниот разговор и процена при одредување на заштитата, во двете засолништа раководени од страна на граѓанските организации, овој разговор и проценка го врши едно исто лице/лица. Нивната професионална подготовка не им е позната на жртвите кои биле засолнати во овие засолништа.

Одлуката за засолнување како начин за обезбедување на потребната заштита најчесто лежи во рацете на жртвите. Имено, повеќето жртви сами ја донеле одлуката за засолнување (11 жртви); на две (2) од нив децата им помогнале да ја донесат одлуката, а во четири (4) случаи социјалниот работник, кој го водел случајот на жртвата, ја донел одлуката за нивно засолнување. Овие последни четири случаи се случаи на засолнување во државните засолништа.

На прашањето дали времето на пријавување има улога во однос на обезбедување на засолнувањето како мерка за заштита, односно дали во секое време оваа заштита им е достапна на жртвите, утврдивме дека воспоставениот начин на работење на одделени институции, како што се центрите за социјална работа, го одредуваат и времето на обезбедување на оваа заштита. Па така поголемиот број жртви (15), водејќи се од вообичаеното работење на центрите, го пријавиле семејното насилство „во работен ден и во работно време”. Во оваа група жртви се наоѓаат оние кои се засолнати во државните засолништа и двете жртви засолнати во Шелтер центарот. Само две (2) од интервјуираните жртви го пријавиле насилството во работен ден во попладневните/ноќните часови (и двете насилството го пријавиле во привремениот засолниште на кризниот центар „Надеж“). Ниту една жртва не пријавила насилството за време на викенд. Податокот дека жртвите во значителен број го пријавуваат насилството во работен ден и работно време укажува на потребата од утврдување на постапката и правилата за креирање и воспоставување на целосен систем за заштита кој во секое време ќе може да ја обезеди потребната заштита на жртвите.

Покрај времето на пријавување, како едно од битните фактори во обезбедување на заштитата и безбедноста на жртвите на семејно насилство кога се работи за засолнување, сакавме да ја утврдиме и брзината во обезедување на оваа заштита. Од изјавите на жртвите може да се заклучи дека овој вид заштита за поголемиот број жртви (13 жртви) се обезедува истиот ден кога е пријавено насилството. За разлика од жртвите кои биле засолнати во истиот ден на пријавување на насилство, еден дел од нив (4 жртви) изјавиле дека биле засолнати по одреден временски период од засолнувањето, односно неколку дена по пријавувањето (1 жртва); 4-5 дена по пријавувањето (1 жртва); две недели (1 жртва) и по два месеци од пријавувањето (1 жртва).

Анализирајќи ги изјавите на жртвите кои биле засолнати истиот ден кога го пријавиле насилството од аспект на бројот на часовите кои биле потребни за засолнување, утврдивме дека времетраењето на постапката за засолнување трае од 30 минути (се работи за случај кој им бил веќе познат на службените лица и за кој немало потреба од дополнителни проценки) до 23 часа. Сепак, за повеќето жртви постапката за засолнување траела од 30 минути до 5 часа (7 жртви), додека само една (1) жртва била засолната во период од 12 и 23 часа. Три (3) од интервјуираните жртви кои изјавиле дека биле засолнати истиот ден не можеле да одредат колку време траела оваа постапка.

Покрај анализата на податоците според времето на засолнување, без оглед во кој вид на засолниште биле засолнети жртвите, направивме и анализа на овој параметар според видот на засолништето, со цел да утврдиме евентуални разлики. Оваа анализа покажа дека од вкупно тринаесет (13) жртви засолнати во државните засолништа поголем број (10 жртви) биле засолнати истиот ден на пријавување на насилството, додека три (3 жртви) биле засолнати по одреден временски период, односно во период од неколку дена (1 жртва), 4-5 дена (1 жртва) и најдолгиот период е две недели (1 жртва). Причините за пролонгирање на засолнувањето не беа наведени од страна на жртвите, освен за пролонгирањето од две недели кое, според изјавата на жртвата, се должи на преселување на државното засолниште.

Од изјавите на двете интервјуирани жртви засолнети во Шелтер центарот се утврди дека едната од нив е засолната истиот ден на пријавување, а едната два месеци по пријавувањето. Според изјавата на оваа жртва овој долг временски период се должи на полниот капацитет на ова засолниште. Во кризниот центар „Надеж“ двете интервјуирани жени жртви изјавиле дека веднаш биле засолнати.

### Чувствата на жртвите на семејно насилство при засолнувањето и во текот на засолнувањето

Засолнувањето кај жртвите предизвикува различни чувства.

За повеќето од нив (10 жртви) првиот впечаток од засолнувањето е поврзан со чувството на безбедност, заштитетност и пријатни сеќавања.

*„Слобода, не можам да ви опишам какво е тоа чувство" (изјава на засолната жртва).*

*„Во тој момент не знаев каде сум и како сум, туку гледав да имам засолниште за мене и за децата, храна покрив над главата. Одеднаш разбирате дека стресот и стравот се минато" (изјава на засолната жртва).*

За разлика од нив, првиот впечаток на седум (7) жртви на насилство е поврзан со насилството и траумите кои ги преживеале. Па така овој свој прв впечаток го поврзуваат со чувствата на траума, психичка уништеност, тага, неизвеност итн.

*„Без достоинство, психички и физички повредена" (изјава на засолната жртва).*

*„Тажна, се разделуваш од децата и од домот и доаѓаш во непознато" (изјава на засолната жртва).*

Десет жртви на насилство својата состојба за време/по засолнувањето ја опишуваат како добра, а четири од нив како подобра.

*„Самодоверба која никогаш во животот не сум ја имала. Во овие две години откако се разделив од сопругот почуствува дека јас и порано сум можела да го напуштам, но едноставно не сум се чувствувала способна за такво нешто. Сега гледам дека можам и сама, дека сум способна да заработувам и да ги одгледувам децата" (изјава на засолната жртва).*

Две од засолнатите жртви се чувствуваат полошо. Едната од нив поради несоодветно обезедена заштита и втората поради одделеноста од своите деца за време на засолнувањето.

*„Полошо од тогаш. Затоа што по засолнувањето мене не ми се среди ситуацијата, туку мене ми се влоши. Мојата ќерка живее надвор од куќата, јас живеам во едно делче, како во туѓа куќа. Немам право да вклучам бојлер да се туширам. Јас не можам да живеам под кирија, за тоа се потребни средства, пари" (изјава на засолната жртва).*

*„Тешко, затоа што децата не се со мене" (изјава на засолната жртва).*

### Времетраење на засолнувањето како мерка за заштита

Времетраењето на засолнувањето претставува еден од клучните аспекти во исполнувањето на целта на определувањето на оваа мерка на заштита - обезбедување на безедноста и сигурноста. Поради неговото значење времетраењето на засолнување го анализиравме одделно. Под останата потребна заштита подразбираме обезедување на останатите законски предвидени мерки за заштита и преземање на потребните законски решенија за проблемот на семејното насилство (можности предвидени со граѓанско-правниот и казнено-правниот систем за заштита). Токму поради ова, како и поради исполнување на основната цел, особено значајно е прашањето за одредување на времетраењето на засолнувањето како вид на заштита.

Периодот на засолнување, според изјавите на засолнатите жртви, трае од еден месец па „додека не се снајде". Помалку од половина од вкупно интервјуираните жртви (7 жртви) биле засолнати во временски период до шест месеци, а дел од нив (4 жртви) биле засолнати на период од шест месеци до една година, што коинцидира со законски предвидените можности за засолнување. Имено, со регулирањето на семејното насилство во семејното законодавство, односно Законот за семејство[3], засолнувањето како мерка за заштита беше предвидено да трае најмногу шест месеци со можност за продолжување за уште шест месеци. Соодветно на ова во Законот за социјална заштита, односно со измените и дополнувањата[4] во 2004 година, се предвиде можност за отворање на Центар за лица жртви на семејно насилство. Најновите законските измени од 2009 година, воведени со Законот за социјална заштита[5],
овозможија измени во времетраење на засолнувањето, па така тоа сега изнесува најмногу три месеци со можност за продолжување за уште три. По исклучок законодавецот предвидува за одредени специфични случаи по процена на Центарот за социјална работа, сместувањето/засолнувањето да продолжи најмногу за уште шест месеци. Законот за семејство не е усогласен со овие најнови измени во Законот за социјална заштита, па сè уште предвидува времетраење на засолнувањето од најмногу шест месеци со можност за продолжување за уште шест.

Дел од жртвите (4 жртви) не одговориле на ова прашање, а една од жртвите изјавила дека ќе биде засолната „додека не се снајде". Жртвите кои биле засолнати во привременото засолниште на кризниот центар „Надеж", не беа предмет на анализа на ова прашање поради привремениот карактер на нивното

3 Закон за семејство, Службен весник на РМ бр. 83 од 24.11.2004, чл. 101.
4 Закон за изменување и дополнување на Законот за социјална заштита, Службен весник на РМ бр. 65 од 29.9.2004 чл. 71-д.
5 Закон за социјална заштита, Службен весник на РМ бр. 79 од 24.6.2009, чл. 144.

засолнувањето (24-48 часа).

Во однос на разликите на периодот на засолнување помеѓу државните и засолништето раководено од страна на граѓанската организација (Шелтер центарот) евидентно е дека времетраењето на засолнувањето во државните засолништа е диктирано од законски предвидените рокови, додека во Шелтер центарот овој период изнесува една година (1 жртва) и неограничен период – „додека не се снајде" (1 жртва).

Перцепцијата на жртвите, во однос на тоа дали времето поминато во засолниште било доволно за обезбедување на заштита, е следната: седум (7) жртви изјавиле (две од Шелтер центарот) дека ова време било доволно; пет (5) дека не било доволно и три (3) не знаат дали времето поминато во засолниште е доволно. За ова прашање не беа интервјуирани жртвите од привременото засолниште поради карактерот на ова засолниште. Соодветно на разликите во времето на засолнување помеѓу државните центри и Шелтер центарот, постои разлика и во задоволството на интервјуираните жртви во однос на прашањето дали периодот на засолнување е доволен. Во државните засолништа преовладува бројот на оние кои сметаат дека периодот на засолнување не е доволен и на оние кои не знаат дали овој период е доволен (5 жртви изјавиле дека не е доволен, а 3 изјавиле дека не знаат дали е доволен), наспроти пет (5 жртви) кои изјавиле дека овој период е доволен според нивно мислење.

Законски поредвидените услови за определување на засолнувањето како мерка за заштита (особено кај државните засолништа) нè поттикна во анализата да го земеме предвид и прашањето кој и како одлучува за должината на престојот. За тоа како се одлучува за должината ве молиме погледајте во делот на анализата на одговорите на вработените во државните засолништа. Особено ни беше значаен податокот кој покажува дали засолнатите жртви се консултираат во насока на одредување на времетраењето на оваа мерка за заштита (вклучувајќи нејзино скратување и продолжување). На прашањето кој одлучува колку време ќе престојува жртвата во засолништето, ги добивме следните одговори: една (1) жртва изјавила дека сама одлучува, седум (7) дека оваа одлука лежи во рацете на центрите за социјална работа (поединец или стручниот тим), три (3) изјавиле дека оваа одлука се донесува со заедничка консултација со жртвата и три (3) не одговриле на ова прашање. Се чини дека одлуката за тоа колку време жртвата ќе ја ужива оваа мерка за заштита лежи во рацете на центрите за социјална работа, односно поединци или стручни тимови. За ова прашање не беа интервјуирани жртвите од привременото засолниште, поради карактерот на засолништето.

### Услуги обезбедни за жртвите на насилство во засолништата

Засолнувањето, односно нужното сместување за лицата жртви на насилство, е една од мерките за заштита кои можат да обезбедат навремена и соодветна заштита на жртвите. Од аспект на видот на заштита, односно кои мерки за заштита им се обезедени на жртвите покрај нужното сместување, засолнатите жртви ги интервјуиравме во однос на тоа дали за време на засолнувањето им биле обезбедени некои законски предвидени мерки за заштита или биле преземени некои законски можности предвидени со граѓанско-правниот и казнено-правниот систем за заштита. Воедно, сакавме да анализираме што, односно кој вид на дејствија (согласно со нивната дефинираност во Водичот за постапување на професионалните структури при заштита од семејно насилство[6]) од мерките за заштита биле обезбедени за засолнатите жртви и кој ги обезбедил.

Од видовите на заштита, односно мерките за заштита кои им стојат на располагање на жените жртви на семејно насилство додека се засолнати, според изјавите утврдивме дека најчесто обезбедена мерка е психосоцијалната интервенција и третман (15 од вкупно 17 жртви изјавиле дека ја добиле). Оваа мерка за заштита, мнозинството изјавило дека била обезбедена од страна на психолог или социјален работник (во државното засолниште во Скопје оваа мерка ја обезбедувале вработените во засолништето) и се состои од разговори, поддршка и информирање на жртвата за сите можности кои ѝ стојат на располагање. Од ова можеме да заклучиме дека од оваа мерка за заштита обезедена е само компонентата на советодавна помош, но не и советувалишна работа која подразбира континуирана и структурирана работа со жртвите.

Во помал обем за засолнатите жртви се обезбедени следните мерки: соодветна здравствената заштита (9 жртви); упатување во соодветно советувалиште, односно во психолошко советувалиште

6 ***Водичот за постапување на професионалните структури при заштита од семејно насилство*** претставува прв обид на едно место да се најдат содржини кои ќе ги опфатат теоретските концепти, решенијата кои се однесуваат на заштитата од семејно насилство во македонското граѓанско законодавство, како и насоките за нивна практична примена. Водичот е издаден од Акција Здруженска и Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ, 2008.

(8 жртви); давање секаков вид правна помош и застапување (7 жртви) и помагање за продолжување на редовното образование на децата (6 жртви).

Жртвите беа прашани и за содржините на мерките за заштита кои им биле обезбедени. Во однос на обезедената здравствена заштита, жртвите изјавиле дека под оваа мерка вообичаено им се помага да обезедат документација за остварување на здравствено осигурување - сини картони (здравствено осигураните и неосигураните жртви). Останатите видови заштита, како што се тековно следење на здравствената состојба преку контролни прегледи на секои 3 месеци, придружба до здравствена установа заради итни медицински интервенции, здравствени преглед и на влез и на излез, не се воопшто спомената од страна на засолнатите жртви. Неколку од жртвите изјавиле дека им биле обезбедени лекови за нивните деца во периодот на засолнување.

Под упатување во соодветно советувалиште, односно психолошко советувалиште, жртвите изјавиле дека им е обезедено советување од страна на психолози вработени во центрите за социјална работа или психолози ангажирани од страна на засолништата, исклучиво на нивна иницијатива и барање. Всушност, од одговорите на жртвите може да се заклучи дека оваа мерка за заштита која подразбира упатување во соодветното советувалиште кое може да обезеди специјализирана стручна помош и третман, воопшто не се обезбедува за засолнатите жртви.

Од изјавите на жртвите кои се однесуваат на давање секаков вид правна помош и застапување, може да се заклучи дека на засолнатите жртви им се нуди главно правна помош, односно информации за постапките за развод и доделување на децата, како и можноста за предлагање на привремени мерки за заштита. Оваа мерка била обезбедена од страна на вработените правници во центрите за социјална работа, ангажираните адвокати во засолништата и граѓанските организации кои обезедуваат ваков вид помош. Од изјавите на жртвите може да се заклучи дека застапувањето, односно иницирањето на одредени судски постапки кои би значеле чекор за надминување на состојбите биле малку искористени од страна на засолнатите жртви.

Најпоразителна е состојбата во однос на користењето на привремените мерки за заштита (ПМЗ) и преземањето на други неопходни мерки (од наша страна беа наведени помош при вработување и решавање на станбеното прашање). Само на три (3) од засолнатите жртви им било предложено иницирање на ПМЗ, а две (2) жртви биле информирани за постоењето на оваа можност. Останатите дванаест (12) жртви ниту биле информирани, ниту им била понудена можност за предлагање на ПМЗ.

Под преземање на други мерки за кои ќе се оцени дека се неопходни за решавање на проблемот, ги прашавме жртвите дали им се нуди некаков вид помош при вработување и решавање на станбеното прашање. Само пет (5) жртви потврдиле дека им била понудена помош или информација за можно вработување, додека останатите (12) децидно изјавиле дека не им била понудена ваква помош. Во врска со помошта за решавање на станбеното прашање, од изјавите на засолнатите жртви може да се заклучи дека тие по своја инцијатива ги разгледуваат можностите за изнајмување на стан и осамостојување.

Иницирањето на постапка пред надлежен суд[7] и известува-њето на органот за прогон како мерки за заштита не беа предмет на наша анализа поради нивната специфичност и вообичаено преземање пред постапката за засолнување. Предмет на анализа ни беше и придружувањето на жртвите за време на судските постапки и придружба до полициска станица или друга институција. Поголем број од жртвите изјавиле дека биле придружувани во текот на судските постапки (7 изјавиле дека биле придружувани), а помал број од жртвите изјавиле дека биле придружувани до полиција или друга институција (4 жртви).

Во спроведувањето на мерките за заштита, односно нивното обезбедување од страна на засолништата, особено од страна на државните засолништа, не постои соработка и користење на капацитетите/услугите кои се нудат од одредени граѓански организации во земјата. Па така и покрај постоењето на специјализирани услуги за жртвите на семејно насилство, како што се правната помош и застапувањето и психолошкото советувалиште, сепак од изјавите на жртвите на прашањето кој им ја обезбедил заштитата, граѓанските организации како такви беа споменати само во еден случај.

Покрај видовите на, мерки за заштита, жртвите ги прашавме и дали некој од стручните лица во засолништето со нив работи континуирано. Од нивните изјави може да се заклучи дека отсуствува континуирана работа со нив. Имено, од шест (6)

7 Кога е потребно да се заштити личноста, правата и интересите на лицето жртвата на семејно насилство или друг член на семејството, со спроведување на надзор над вршењето на родителското право, заштита на правата и интересите на лице ставено под старателство и на посвоените лица, мерката на заштита се спроведува со покренување постапка пред надлежен суд согласно со Законот за семејството.

жртви кои изјавиле дека со нив некој работел во засолништето, за континуитетот во работењето изјавиле дека интензитетот на посетите од одговорните кои го водат нивниот случај е висок на почетокот на засолнувањето, а понатаму сѐ се одвива по потреба, односно работењето со жртвите најчесто зависи од нивната иницијативност.

*„Да, на почетокот разговараат со нас. После тоа по потреба"* (изјава на засолната жртва).

*„Не разговраат. Единствено ние кога ќе побараме"* (изјава на засолната жртва).

*„Не. Кога имаме потреба ние прашуваме што и како. Вработената во засолништето ни кажа 'ако имате потреба дојдете разговарајте со мене прашајте ме за што било, ако ви треба нешто било за децата или за вас, за што сакаш'. Јас откако сум во засолништето не сум контактирала со Центарот за социјална работа, вработената од засолништето контактира со социјалниот работник кој ми го води случајот"* (изјава на засолната жртва).

На прашањето кој работел со жртвите, од нивните изјави може да се заклучи дека во оние засолништа каде што вработените од центрите за социјална работа се одговорни за раководење на засолништата, тоа се индивидуални стручни лица кои работат со жртвите, додека во засолништата каде што има одделено вработени во самото засолниште, тоа се вработените во засолништето.

### Засолнување на децата на жртвите на семејно насилство

Засолнувањето како мерка за заштита, покрај својата цел за обезбедување на безбедност и сигурност на жртвата, има за цел обезбедување сигурност и заштита и за нивните деца. Поради ова анализиравме повеќе прашања кои се однесуваат на децата на засолнатите жртви, односно бројот, полот, возраста, видувањата на децата со жртвата или насилникот за време на засолнувањето, како и тоа дали со определувањето на оваа мерка е постигната нејзината основна цел.

Според бројот на децата, засолнатите жртви можеме да ги поделиме во четири категории: со пет деца (1 жртва); со три деца (6 жртви); со две деца (7 жртви) и со едно дете (3 жртви). Од вкупниот број деца на засолнатите жртви (40 деца), дваесет и три (23) се машки, а седумнаесет (17) се женски. Петнаесет (15) се полнолетни, а останатите дваесет и пет (25) се малолетни.

Засолнатите жртви ги прашавме дали децата биле сместени заедно со нив во засолништата и дали тие остварувале видувања со нивниот татко. Од вкупно седумнаесет (17) жртви (17), единаесет (11) изјавиле дека нивните деца биле засолнати заедно со нив. Без исклучок, децата во засолништето се засолнуваат со своите мајки во одделни простории (посебни соби). Во однос на видувањата, од вкупно единаесет (11) жртви (11) кои биле засолнати со своите деца, во пет (5) случаи децата остварувале контакт со својот таткото, додека пак во шест (6 ) случаи тие не остварувале контакт со него. Во шест (6) случаи децата на жртвите не биле засолнати заедно со нив, главно поради нивната полнолетност. Но, сепак две (2) жртви биле засолнати без своите малолетни деца. Во првиот случај се работи за 10-годишно машко дете кое заедно со своите браќа од 18 и 20 години не било засолнато со нивната мајка, додека пак во вториот случај се работи за пет малолетни деца кои не биле засолнати со нивната мајка која побарала засолниште во привременото засолниште. И во двата случаи малолетните деца останале во домот со нивниот татко. Во ниту еден од двата случаи не биле остварени видувања помеѓу децата и жртвата за време на нејзиното засолнување.

Од вкупно седумнаесет (17) интервјуирани жртви, дванаесет (12) изјавиле дека се чувствуваат сигурно и безбедно во засолништето со своите деца. Две од нив изјавиле дека делумно се чувствуваат безбедно и сигурно, а три не одговориле на ова прашање. Од ова може да се заклучи дека засолнувањето ја исполнило својата основна цел во однос на обезбедувањето на сигурноста на децата.

### Услуги обезбедни за децата во засолништата

Работењето на засолништата го разгледувавме и од аспект на работата со децата на жртвите кои биле засолнати и престојувале во засолништата.

Од описот на услугите, кои биле обезедени во рамки на засолништата, од страна на жртвите, може да се утврди дека со децата во засолништата не се работи воопшто или пак се работи без претходно изедначен и воспоставен начин во процесот на надминување на последиците од насилството на кое тие биле сведоци. Во некои случаи,каде што ваков вид на помош била понудена, една жртва изјавила дека ја одбила ватпонудената помош и поддршка за нејзиното дете, но затоа пак изјавила дека го посетувала Заводот за ментално здравје за надминување на овие проблеми, додека во три случаи со децата работеле педагози и

психолог. Повеќето од жртвите под услуги ги наброиле играчките кои им се даваат на децата, активностите за занимавање, храна, средства за одржување на хигиена, учебници, облека, училиштен прибор итн.

### Задоволство од животните услови во засолништата

Животните услови, односно прашањата кои се поврзани со престојот на жртвите во засолништата, како што се удобноста на просториите (вклучувајќи ја нивната адаптираност за жените со посебни потреби), подготвувањето на храна, соодветното затоплување, како и организирањето на неформални групни активности се предмет на разгледување во овој дел на анализата.

Просториите за престој, според изјавите на поголемиот број жртви, се удобни и пријатни. Вака се изјасниле четиринаесет (14) од вкупно седумнаесет (17) интервјуирани жртви. Само три (3) жртви изјавиле дека не се чувствуваат така, односно дека се делумно задоволни, при што како причина навеле: немање на машина за перење облека, недостаток на ситен инвентар, организирано заедничко сместување на жртвите, постоење само на едно купатило, итн. Засолништата во државата немаат обезбедено посебни услови и помагала потребни за засолнување на жртвите со посебни потреби. Ова лесно може да се заклучи од изјавите на жртвите: четиринаесет (14) одговориле негативно, додека три (3) од нив изјавиле дека не им е познат овој податок.

Во однос на можноста за самостојно подготвување храна за потребите на жртвите, може да се заклучи дека нема воспоставен вообичаен принцип во засолништатаво. Ова особено се однесува на државните засолништа. Имено, во државните засолништа подготвување на храна е дозволено за жртвите кои имаат сопствени приходи и се исклучени од категоријата на жртви кои се хранат со подготвена (готова) храна обезбедена од ресорното министерството (Министерството за труд и социјална политика). Жртвите пак кои немаат сопствени приходи имаат право да подготвуваат храна само за време на викендите, кога нема обезбедено готова храна. Од вкупно пет (5) жртви кои изјавиле дека самостојно подготвувале храна во текот на засолнување, три (3) се засолнети во државните засолништа (Кочани, Охрид и Струмица), а две (2) жртви во Шелтер центарот. Една (1) од жртвите дури изјавила дека сопственичката на просториите каде што се наоѓа едно од државните засолништа подготвува храна за неа. При анализата на ова прашање не се земени предвид изјавите на засолнатите жртви во привременото засолниште поради неговиот карактер.

На прашањето за затоплувањето на просторот десет (10) жртви одговориле дека системите за греење овозможуваат соодветно затоплување на просторот, додека пак три не знаат бидејќи биле засолнати во период кога не било потребно затоплување. Едно државно засолниште се затоплува со дрва (Кочани), а во државното засолниште во Куманово нема поставено парно. Две (2) од интервјуираните жртви не одговориле на ова прашање.

На прашањето дали во засолништата се организираат неформални активности кои овозможуваат зајакнување на самодовербата на жртвите на семејно насилство и меѓусебна солидарност (групни состаноци, заедничко водење на одредени делови од домаќинството, други групни активности и др.), повеќето жртви (10 жртви) одговориле негативно. Пет (5) жртви изјавиле дека во засолништата се организираат некој вид неформални активности при што ги опишуваат како заедничко готвење; заедничко јадење; водење разговор помеѓу себе, натпревар во готвење, приредба организирана од децата за преставници на Министерството итн. Во анализата на ова прашање не се опфатени одговорите на жртвите засолнати во кризниот центар „Надеж“, поради привремениот карактер на нивното засолнување.

### Задоволство и можности за унапредување

Покрај задоволството со претходно опишаните животни услови во засолништата, засолнатите жртви ги прашавме дали капацитетите и условите на засолништето ги задоволуваат потребите на жртвите, и доколку не се задоволни да наведат како тие можат да се унапредат.

Според изјавите на повеќето жртви капацитетите и условите на засолништето ги задоволуваат потребите на жртвите (12 жртви). Пет (5) од нив изјавиле дека не се задоволни и дека има потреба од унапредување на капацитетите и условите во засолништата. Од овие пет (5), четири (4) биле засолнати во државните засолништа и тоа во Кочани, Куманово, Скопје и Струмица. Една (1) од нив била засолната во Шелтер центарот. Од страна на жртвите наведени се низа предлози за подобрување на капацитетите: од подобрување на уловите за живеење и престој до услугите, односно потребите за обезбедување на различна помош и поддршка, како што се психолошка, правна помош, програма за работа со деца и здравствена заштита.

*„Делумно ги задоволуваат. Потребно е проширување на просторот, но и зголемување на степенот на работа со жртвите. На жртвите им треба помош во осамостојувањето, им треба насока за понатамошен живот. Исто така им е потребна помош за вработување, парична помош за кирија барем за првите 6 месеци по засолнувањето, како и помош и следење на нивниот случајот и по напуштањето на центарот“ (изјава на засолната жртва).*

*„Не сум задоволна поради немање услови за лична хигиена и немање доволно просторни капацитети. Постои потреба од проширување на просторот, повеќе купатила, повеќе соби итн.“ (изјава на засолната жртва).*

### Механизам за изразување на незадоволство

Според изјавите на жртвите може да се заклучи дека засолништата немаат јасно поставени правила за постоење на лице или надлежна служба каде што жртвата на семејно насилство може да се обрати доколку е незадоволна од начинот на кој се обезбедува засолнувањето или пак доколку е незадоволна од поединечни услуги во рамки на засолништето. Оттука се произлегуваат и различните мислења и праксата во изразување на незадоволството. Па така од жртвите засолнати во државните засолништа, пет (5) изјавиле дека во случај на незадоволство треба да се обратат во центрите за социјална работа; пет (5) изјавиле дека своето незадоволство го пријавуваат до вработените во засолништето (државното засолниште во Скопје); четири (4) не знаат за ваков вид на механизам и една (1) жртва изјавила дека ваков механизам не постои. Во Шелетер центарот жртвите своето незадоволство го пријавуваат кај вработените и директорката на засолништето.

### Изложеност на трошоци во врска со засолнувањето

Дел од жртвите (7 жртви) засолнати во засолништата се изложени на дополнителни трошоци и тоа трошоци за набавка на храна, пелени, лекови, патни трошоци и трошоци за вадење на потребната документација.

### Планови за понатамошно интегрирање на жртвите

Плановите за понатамошно интегрирање на засолнатите жртвите ги разгледувавме од аспект на тоа дали и кој работи со засолнатите жртви, односно дали тие планови се засновани и се резултат на преземената заштита за време на засолнувањето.

По прашањето кој разговарал со жртвите во однос на плановите за интегрирање по засолнувањето, повеќето жртви (10) одговориле дека тоа се тимовите, односно социјалните работници одговорни за нивниот случај. Шест (6) од нив одговориле дека никој со нив не разговарал на оваа тема, а една (1) жртва одговорила дека таа самата одлучила за своите идни планови.

Од изјавите во врска со нивните планови се чини дека иднината на засолнатите жртви е прилично неизвесна. Имено, содржината на нивните планови се состои во развод на бракот, економско осамостојување – наоѓање работа и изнајмување на место за самостојно живеење. Дел од нив сметаат на поддршката на примарното семејство кај кое би продолжиле да живеат по засолнувањето. За жал, за дел од нив периодот по засолнувањето не значи и период на безбедност и сигурност, односно сѐ уште постои ризик и можност за нивно нарушување. Четири (4) од жртвите не одговориле на ова прашање.

Дел од нив сѐ уште не можат да одлучат за нивните идни планови.

*„Не, не можам да одлучам сѐ уште за идните планови. Со социјалниот работник разговаравме за иницирање на бракоразводна постапка, но таа ми вели ’ама тебе не ти значи ништо разводот, што ако се разведеш кога тој пак ќе доаѓа и ќе те малтретира кај и да си‘. Таа ми препорача тука да се згрижам и ми рече ’остани тука и понатаму размисли‘“ (изјава на засолната жртва).*

Некои од нив и понатаму живеат со насилникот, без решение за својот проблем.

*„Знаев дека е неиздржливо, децата ми беа таму, не можеш да не се вратиш, заради нив. Заради децата повеќе, не знам ни јас што да кажам. Не знам и сега се наоѓам во некој лавиринт, што не знам пак да си го најдам решението“ (изјава на засолната жртва).*

### Студии на случај

Имајќи го предвид значењето на прашањето за достапноста на засолнувањето како вид на заштита, во анализата, покрај сознанијата добиени од страна на засолнатите жртви, сакавме да ви ги пренесеме и искуствата на жртвите на кои овој вид на заштита не им била обезбедена и покрај тоа што им била и сѐ уште им е потребна.

Пренесувањето на искуствата на овие жртви на насилство укажува на слабоста на системите за заштита да ја обезбедат

сигурноста на жртвите и нивните деца преку нивно засолнување. Оттаму, презентирањето на овие два случаи сака да укаже на потребата од разгледување на сите можности и изнаоѓање на потребни решенија во насока на надминување на ваквите состојби во иднина.

### Прв случај

Се однесува на 45-годишна жртва која побарала засолнување во државно засолниште во ноември 2009 година. Таа е жртва на насилство кое трае од склучување на бракот со нејзиниот сопруг, со кој сè уште е во брак. Жртва е на сите видови насилство кое трае 27 години. По последниот инцидент на физичко насилство што го пријавила во полиција, побарала засолниште, но за жал овој вид на заштита не ѝ бил обезбеден. Како причина за необезбедување на овој вид заштита било посочено немање на слободни места во државното засолниште во Скопје. Одбивањето за сместување во засолништето кај оваа жртва предизвикало чувства на фрустрираност, бес и разочарување. Поради ова, жртвата била принудена да престојува со двете полнолетни деца кај соседите и откако насилникот се смирил тие повторно се вратиле во домот. Од страна на Центарот за социјална работа не ѝ биле обезбедени други мерки за заштита. Единствено нејзиниот сопруг бил повикан на разговор, на кој тој не се одзвал.

***„Нервозна сум. Сама се борам и ги издржувам децата. Работам на две работни места за да ги исплатам долговите кои ги имаме. Се молам на Господ само здравјето да ме служи".***

### Втор случај

Се работи за 37-годишна жена која била жртва на семејно насилство од страна на нејзиниот сопруг. Таа е жртва на сите видови насилство кое трае од раѓањето на првото дете, односно приближно шест години. По пријавување на насилството во месниот надлежен центар за социјална работа ѝ било советувано да не го трпи насилството и веднаш да го напушти сопругот. По напуштање на насилната средина од градот во внатрешноста таа и нејзините две малолетни деца се вратиле да живеат кај нејзините родители во Скопје. Но, за жал, нејзиното враќање во примарното семејство не значел живот ослободен од насилство. Таа и нејзините деца станале жртви на насилство од нејзините родители, односно нејзиниот татко и мајка. Таткото на жртвата во неколку наврати физички ја малтретирал пред нејзините деца, поради што тие се вознемириле и се исплашиле. Ова насилство таа го пријавила во полиција, по што нејзиниот родител продолжил со вршење на психичко насилство. Но, затоа продолжило физичкото малтретирање врз децата од страна на дедото и бабата. За тоа сведочат видливите модринки на нивните тела. За надминување на последиците, односно траумата која двете малолетни деца ја преживеале сведочејќи за насилството кое се вршело над нивната мајка од страна на нивниот татко, како и за насилството кое го трпат од стана на нивните дедо и баба со децата работел психолог. Тој изготвил наод со кој се укажува на тоа дека децата не смеат да бидат изложени на понатамошно насилство и поради тоа мора да бидат сместени во ненасилна средина. Поради тоа, нивната мајка одлучила да побара сместување во државното засолниште во Скопје. Но, на нејзиното барање ѝ било одговорено негативно, со објаснение дека засолништата се преполни и дека таа „не била толку загрозена". Оваа одлука донесена од страна на тимот во Центарот за социјална работа во Скопје предизвикала чувство на разочараност и непријатност кај жртвата. Дополнително жртвата од Скопје била препратена во Центарот за социјална работа во градот од внатрешноста за барање помош, а оттаму била повторно вратена во Скопје да бара помош. Од Центарот за социјална работа досега не е преземена ниту една друга мерка за заштита. Немајќи избор, жртвата побарала засолнување и во засолниште раководено од граѓанска организација, но и таму немало место за засолнување.

***„Разочарана сум. Не ми е решен проблемот, сè уште размислувам како и што ќе биде. Татко ми престана да ме удира пред децата и ми даде можност уште два месеци да седам со нив, а потоа да се снаоѓам сама".***

# IV

## ЗАКЛУЧОЦИ

## IV. ЗАКЛУЧОЦИ

### Пристап

– Засолнувањето како мерка на заштита не е достапно за сите жртви на кои им е потребно и покрај евидентната неискористеност на капацитетите на повеќето државни засолништа.

– Не постои координирање во пополнување/искористување на капацитетите во засолништата поради што одреден број жртви на кои оваа заштита им е потребна, не можат да ја обезбедат и покрај слободните места во некои засолништа.

– Жртвите се недоволно запознати со можноста за засолнување.

### Постапка за одредување на засолнувањето

– Засолнувањето како вид на заштита сè уште може да се обезбеди само во работни денови и во работно време на надлежните институции, а не е достапно за време на ноќните часови и за време на викендите.

– Не постојат засолништа од итен и привремен карактер (24-48 часа) низ Републиката, со исклучок на Скопје.

– Времетраењето на постапката за засолнување е нестандардизирана, односно и покрај поголемиот број случаи кај кои засолнувањето се извршило во еден ден, сè уште постојат случаи каде што жртвите не можат да се засолнат дури и по две недели или два месеци од утврдената потреба.

### Заштита која се обезбедува во засолништата

– Не постои посебен развиен план за безбедност во засолништето со јасни инструкции.

– Не постојат пропишани соодветни инструменти за проценка на тоа што претставува „сериозна опасност и закана по животот на жртвата", како еден од основните параметри од кој зависи дали жртвата ќе биде или нема да биде сместена во засолниште.

– Стручните работници не се во можност професионално да одговорат на обврските во засолништето, од една страна, и дополнителните обврски во соодветниот меѓуопштински центар за социјална работа, од друга страна.

– Во засолништата нема воспоставена континуирана програма за работа со жртвите и нивните деца.

– Не постои унифициран и утврден начин на обезбедување на мерките за заштита.

– Дел од законски предвидените мерки за заштита не се обезбедуваат во засолништата.

– Не постојат унифицирани и јасно утврдени индикатори врз основа на кои ќе се следат ефектите од реализација на индивидуалниот план за работа со жртвите, односно ќе се утврди потребното времетраење на засолнувањето.

– Времето за засолнување, особено законски предвидените рокови од три месеци со можност за продолжување на уште три месеци со отсуство на континуирана работа со жртвите, дополнително ја отежнува нивната состојба.

– Отсуствува поддршка и помош на жртвите за успешно реинтегрирање по завршување на засолнувањето, особено во смисла на нивно економско осамостојување и изнајмување на стан или просторија за живеење.

– Соработкатата со граѓанските организации кои обезбедуваат специјализирана помош за жртвите е незадоволителна и со тоа засолнатите жртви се лишуваат од обезбедување соодветна и специјализирана помош и поддршка.

– Нема механизми за изразување на незадоволство во засолништата.

### Услови за засолнување

– Постои нееднаков третман на засолнатите жртви, особено во смисла на изложеност на трошоци за време на засолнувањето (вработените жртви сами ги сносат трошоците за храна, а дел од жртвите се соочуваат со одредени дополнителни трошоци).

– Постои потреба од подобрување на животните услови во засолништето како што е просторно проширување, опремување и подобрување на условите за одржување на хигиена, итн.

– Засолништата не се приспособени за засолнување на жртви со посебни потреби.

– Во засолништата не се организираат неформални активности кои би овозможиле зајакнување на самодовербата на жртвите и нивна меѓусебна солидарност.

**Користени правни извори и литература**

Користени правни извори

1. Закон за семејство, Службен весник на РМ бр. 83/04.

2. Закон за изменување и дополнување на Законот за социјална заштита, Службен весник на РМ бр.65/04.

3. Закон за социјална заштита, Службен весник на РМ бр. 79/09.

4. Правилник за нормативи и стандарди за основање и започнување со работа на Центар за лица жртви на семејно насилство, Министерство за труд и социјална политика, Службен весник бр. 33/07.

5. Правилник за начинот на спроведување и следење на изречените мерки за заштита на семејството и лицата жртви на семејно насилство преземени од центарот за социјална работа и за начинот на следење на привремените мерки изречени од судот, Министерство за труд и социјална политика, Службен весник бр. 103/07.

Користена литература

1. Живот во сенка, Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ – ЕСЕ, 2007.

2. Водич за постапување на професионалните структури при заштита од семејно насилство, Акција Здруженска и Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ – ЕСЕ, 2008.



www.esem.org.mk

# АНАЛИЗА НА ЗАСОЛНИШТА

Здружение за еманципација,
солидарност и еднаквост на жените
на Република Македонија - ЕСЕ
Максим Горки 20 1/4
1000 Скопје